**УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА НА ГРАНИЧЕН ПРОИЗВОД**

**Vitup® D3+ DHA omegababy**

**twistoff капсула**

**Упатството за пациентот содржи:**

1.Што претставува **Vitup® D3+ DHA omega baby**и за што се употребува?
2.Што мора да знаете, пред да гоземете/ употребите**Vitup® D3+ DHA omega baby**?
3.Како да го земате/ употребувате**Vitup® D3+ DHA omega baby**?
4.Можни несакани дејства(реакции)
5.Чување и рок на употреба на **Vitup® D3+ DHA omega baby**
6.Дополнителни податоци за граничен производ

## 1. Што претставува Vitup® D3+ DHA omega babyи за што се употребува?

**Vitup®D3+ DHA omega baby**е граничен производ кој содржи комбинација на витамин Д3 и докозахексаенска киселина (ДХА) во оптимална доза за употреба кај деца од 8-от ден на животот до навршени 3 месеци за превенцијана состојби предизвикани од недостаток на овие витамини кај новороденчињата.

Витаминот Д3 и докозахекаенската киселина (ДХА) се исклучително важни за здравиот развој на новороденчињата и децата, па во случај на нивеннедостаток се јавуваат потенцијално сериозни последици по здравјето на децата.

**Vitup®D3+ DHA omega baby** ја обезбедува препорачаната дневна доза на витамините Д3 и ДХА и на тој начин помага при:

-развој на мозокот, когнитивните и менталните функции;

-развојот на видот и остирината на видот;

-нормална минерализација на коските, развојот и растот на забите и коските

**Витаминот Д3** е важен за нормален раст и развој на коските изабите.

Спаѓа во групата на липосолубилни витамини. Се синтетизира по природен пат во кожата, каде што по влијание на сончевата светлост од неактивен витамин Д преминува во активен витамин Д3.

Заедно со паратироидниот хормон допринесува за нормална апсорпција и го подобрува искористувањето на калциумоти фосфорот во дигестивниот тракт, и има улога во нормалната минерализација на коските.

Витаминот Д3учествува во процесот на делбата на клетките, какои во синтезата на протеините и контракцијата на мускулите и допринесува за нормално функционирање на мускулите.

Порадинедостаток на витамин Д3 може да дојде до деминерализација на коските и појава на болест наречена рахитис. Рахитисот вклучува група на болести во кои постои нарушување на минерализацијата (вградување на калциумот и фосфорот) во 'рскавицата и коските што растат. Како последица на тоа, се појавува оток на 'рскавицата и коскеното ткиво, што создава карактеристични задебелувања на типични места. Коските остануваат меки и се развиваат кревки и кршливи коски.

Превенција: На сите новороденчиња им е препишан витамин Д3 во дневна доза од 400 IU (10 µg) од втората недела по раѓањето до првата година. Од првата година на животот до крајот на пубертетот, се препорачува да се користи во зимските месеци.

**Докозахексаенска киселина (ДХА)**

ДХА е омега-3 масна киселина со долг ланец. ДХА е важна структурна компонента на мозокот, нервните клетки и мрежницата на окото: 97% од сите омега-3 масни киселини во мозокот се ДХА, а 93% од вкупните омега-3 масни киселини се присутни во мрежницата. 60% од структурата на мозокот е составена од масти, а 25% од тие масти се само ДХА. ДХА, како исклучително важна структурнакомпонента на мозокот, сочинува 30% од структурните масти во сивата маса на мозокот. Интензивниот раст на мозокот на бебето се јавува во последното тромесечје од бременоста и во првата година од животот.

Во првите две години од животот, ДХА е основна компонента на критичните сврзни компоненти во мозокот.

**Омега-3масните киселини се неопходни за развој на мозокот, когнитивните, менталните функции и развојот на видот кај новороденчињата.**

ДХА е важна структурна компонента на нервните клетки во мозокот и мрежницата на окото. ДХА содржана во производот**Vitup® D3 + DHA omega baby,** ***twist-off капсули***од растително потекло – добиена од микроалги, со што се намалува ризикот од загадување од тешки метали од океанот, кои се акумулираат во организмите на морските животни (риби или ракчиња).

**2.Што мора да знаете пред да го земете/употребите Vitup® D3+ DHA omega baby**

**Немојте да го земате/употребуватеVitup® D3+ DHA omegababytwist off** капсулите доколку сте алергични на било која состојка на производот.

**Бидете посебно внимателни coVitup® D3+ DHA omega baby**
Производот не смеат да го користат лица кои се преосетливи на било која од состојките на производот.

**Бременост и доење**
Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да го земете производот.
Ако сте бремени,планирате бременост или доите,пред да почнете да го земате граничниот производ,посоветувајте се со својот лекар или фармацевт.

**Влијание врз психофизички способности**
Примената на **Vitup® D3+ DHA omega baby**не влијае на способноста за ракување со моторни возила и машини.

**Важни информации за некои состојкина Vitup® D3+ DHA omega baby**
Производот не смеат да го користат лица кои се преосетливи на било која состојка на производот.

Важни известувања: Производот е нутриционистички некомплетна храна и не е погоден за употреба како единствен извор на храна.

**Земање/употреба на други медицински производи**
Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт ако земате,или ако неодамна сте земале било кој друг лек,дури и оние кои не се на лекарски рецепт.

**3.Како да го земате/употребувате Vitup® D3+ DHA omega baby**

Новороденчиња и мали деца: 1 капсула дневно, од 8-от денпо раѓањетодо крајот на 3-та година. Доколку новороденчињата се на препорачана профилакса со витамин К1 со**Vitup D3+ K1 baby**до крајот на третиот месец по раѓањето , се препорачува употреба на **Vitup D3+ DHA omega baby**по употребата на Vitup D3+K1 ( од почетокот на 4-от месец).

Свртете го горниот дел од капсулата (капачето), повлечете го и извадете го. Притиснете ја капсулата и исцедете ја содржината на капсулата директно во устата на бебето или измешајте ја со млеко.

**Забелешка**: Никогаш не ставајте ја целата капсула во устата. Исцедете ја само нејзината содржина.

Препорачаната дневна доза не смее да се надмине .

Граничните производи не може да се користат како замена за разновиднаисхрана.

**4.Можни несакани дејства (реакции) на Vitup® D3+ DHA omega baby**
Ако забележите било какви несакани дејства,Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.

**5.Чување и рок на употреба наVitup® D3+ DHA omega baby**

Да се чува на суво место, заштитено од светлина на температура од 15 °C до 25 °C.
Да се чува надвор од дофат на деца.

**Рок на употреба**

Не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на пакувањето.

**6.Дополнителни податоци за граничен производ**
**Состав на граничен производ**

| Содржина на активните компоненти | 1 twist-off капсула | НРВ* | 100,0 g** |
|---|---|---|---|
| Витамин D3 (холекалциферол) | 10,0 µg | 100 | 4,0 mg |
| Масло од Шизохитриум(Schizochytrium), вид алги, од што:<br>- докозахексаенскакиселина (ДХА) | 250,5 mg<br>100,0 mg | -<br>- | 100,0 g<br>39,8 g |

*НРВ – нутритивна референтна вредност

** се однесува само на содржината на капсулата што се консумира

**Состојки на содржината на капсулата:** масло одШизохитриум алги(Schizochytrium), холекалциферол.

**Содржина на капсулата кој не се консумира:** желатин, глицерол(навлажнувач),црвен железен оксид (боја), прочистена вода.

**Изглед на граничен производ и пакување**

**30 twist off капсули**

**Носител на одобрение за ставање на граничен производ во промет:**
ГАЛЕНИКА ДООЕЛ Скопје, 1000 Скопје,Р.С. Македонија,
Бул.Кочо Рацин 14
**Производител:**
Curtis Health Caps Sp. Z.o.o, Полска
**Број и датум на упис во Регистарот на гранични производи:**